Предлагач: Градоначалник на Општина Виница
Г-дин Миле Петков

Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## НА ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

Февруари, 2023 година

Содржина:


- ДЕЛ ПРВИ

Годишен извештај за средствата, побарувањата,обврските, изворите на средства и нивната вредност........................................................ 1

- ДЕЛ ВТОРИ

Извештај за реализација на инвестиционите програми, дотации самофинансирачки активности.................................................................... 13

- ДЕЛ ТРЕТИ

Извештај за користење на средства од резервите..................................... 17

- ДЕЛ ЧЕТВРТИ

Извештај од одговорниот сметководител.......................................................... 19

# ДЕЛ ПРВИ

Годишен извештај за средствата, побарувањата,обврските,изворите на средства и нивната вредност

ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
ЗАВРШНАТА СМЕТКА - БУЏЕТ И ОРГАН НА ОПШТИНА
ЗА 2022 ГОДИНА

# 1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Основни податоци за општината**
Број на жител 19.938 по попис 2002 година, 14.475 по попис 2021 година
Површина 443 km$^2$

Општина Виница е лоцирана во источниот дел на Македонија, во подножјето на планината Плачковица, а се простира на надморска височина од 360m до 1.754m . Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

**Надлежност**
Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Виница во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, општината врши работи од јавен интерес од локално значење.Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснова подготвувањето на Буџетот на Општина Виница произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на општината , Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002),Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 и Сл.весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/2022),Законот за буџетите (Службен весник број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/2021), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2022 година добиени од Министерството за финансии на Република Македонија.

Советот на Општина Виница на седница одржана на ден 27.12.2021 година , го донесе Буџетот на Општина Виница за 2022 година.На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Виница за 2022 година.

Во текот на 2022 година се донесени две Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2022 година ( пренамена) и тоа : на седниците на Советот на Општина Виница одржани на ден 25.02 2022 год. и на ден 31.05.2022 година и една Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Виница за 2022 година на ден 11.03.2022 год..

Заради усогласување на планираните и реализираните приходи и расходи во основнот буџет како и во буџетите на локалните јавни установи усвоени се Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Виница за 2022 година (ребаланс) и тоа : првиот ребаланс на седницата одржана на ден 29.08.2022 година а вториот ребаланс на седницата одржана на ден 27.11.2022 година.

## 2.ГОДИШНА СМЕТКА

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## Приходи

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на Општина Виница со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

**Даночните приходи се остварени како резултат на :**

- 6.061 решенија на данок на имот,

- 605 решенија за фирмарина,
- 322 решенија за купопродажба,
- 330 решенија за наследство и подарок,
- 23 одобренија за користење на простор пред деловни простории , користење на плоштади и друг простор ,
- 16 договори за уредување на градежно земјиште,

**Неданочните приходи се резултат на**:

- 74 излезни фактури за закупнини и реклами,
- 13 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници,општински линиски превоз и изводи од лиценци,
- 53 одобренија за градење,
- 11 потврди за куќен број,
- 102 изводи од урбанистички план

**Капиталните приходи** се остварени како резултат на продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, надоместок за концесии и надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект врз основа на изготвени 240 урбанистички согласности и пресметки.

**Трансферите ги сочинуваат:** трансферите од Јавното претпријатие за државни патишта 3.346.712 ден. , Дотациите од ДДВ 30.536.801 ден., трансфери од Министерство за култура 746.510 ден.за проекти реализирани од Локалниот археолошки музеј „Теракота“ Виница и трансфери од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој за два проекти и тоа: 1.523.480 ден. за „Изградба на водоводна мрежа во с.Блатец“ и 789.900 ден. за „Енергетска ефикасност, пристапни и безбедни јавни површини за сите“.

**А.Даночни приходи**

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следниве основи:

-Данок од доход,од добивка и од капитални добивки,

-Даноци на имот,

-Даноци на специфични услуги и

-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност.

| ОПИС | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Данок од доход, добивка и капит. добивки | **4.210.000** | **4.023.964** | **3.093.722** |
| Даноци на имот | **15.700.000** | **13.493.192** | **12.550.021** |
| Даноци на специфични услуги | **27.115.000** | **23.525.601** | **20.291.085** |
| Такси за користење или дозволи за дејност | **2.484.000** | **83.228** | **2.484.042** |
| | **49.509.000** | **41.125.985** | **38.418.870** |

Согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и други законски и подзаконски прописи, даночните приходи се остваруваат по основ на:

**1.Данок од доход,од добивка и од капитална добивка** односно данок од плати од лица вработени кај буџетски корисници,трговски друштва, јавни претпријатија,данок на плати остварени во странство како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и истиот е реализиран во износ од 4.023.964 ден.

**2.Даноци на имот** се реализирани во износ од 13.493.192 ден. и ги опфаќаат: данок на имот од физички и правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности

**2.1. Данок на имот**

Вкупно остварените приходи по основ Данок на имот од физички лица изнесува 5.095.052 денари а од правни лица 1.824.345 денари за што се изработени 6.061 решенија. Вкупниот облог за данок на имот за 2022 година изнесува 7.009.206 ден. Даночната стапка по која се пресметува данокот на имот е 0,10% , но доколку обврзникот живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

**2.2. Данок на наследство и подарок**

Остварените приходи од наследство и подарок изнесуваат 547.193 денари врз основа на издадени 330 решенија.Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред,за обврзник од втор наследен ред стапката е 3% а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

**2.3 Данок на промет на недвижности**

Данокот на промет е реализиран во износ од 6.026.602 денари ,врз основа на 322 решенија за купопродажба на имот.Стапката на данокот на промет на недвижности изнесува 3%

**3.Даноци на специфични услуги** Реализацијата на даноците на специфични услуги изнесува 23.525.601 ден. Тие ги опфаќаат:

**3.1 Комунална такса за привремен престој**

Вршителите на угостителската и туристичката дејност,таксата за привремен престој се должни да ја наплатуваат истовремено со наплатувањето на извршената услуга за ноќевање.По овој основ се собрени приходи во износ од 140.576 денари.

**3.2.Комунална такса за истакнување на фирма**

Вкупно остварениот приход од комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија изнесува 2.420.939 денари.Приходот е остварен како резултат на издадени 605 решенија а облогот за 2022 година изнесува 2.781.400 денари.

**3.3.Комунална такса за користење на улици,што се плаќа при регистрација на возилата.**

Остварен приход од комунална такса за користење на улици , што се плаќа при регистрација на возила изнесува 1.557.154 денари.

**3.4.Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление**

Приходите од комунална такса за користење и одржување на јавно осветление изнесуваат 16.717.124 денари.

**3.5.Комунална такса за користење на простор пред деловни простории**

Издадени се 23 одобренија за користење на простор пред деловни простории и реализирани се приходи од 686.049 денари.

**3.6.Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места**

Во 2022 година од овој вид на комунална такса нема остварено приходи.

**3.7.Комунална такса за користење на плоштади и друг простор за ...... вршење на дејност**

Во 2022 година од овој вид на комунална такса има реализироно14.700 денари.

**3.8. Надомест за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште е наплатен во износ од 1.989.059 денари, од изготвени 16 пресметки и договори за комуналии .

**<u>4.Такси за користење или дозволи за вршење на дејност</u>**

Вкупно остварен приход 83.228 ден. и тоа од следните видови такси:

**4.1.Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност во кабаре**, во 2022 има остварено триходи во износ од 77.063 денари .Надоместокот за една лиценца за кабаре изнесува 2.500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата а средствата се 50% приход на општинскиот буџет и 50% приход на републичкиот буџет.

**4.2.Надомест за управување со отпад на општината**, има реализирано 6.165 ден.

**4.3.Надомест за одржување на јавна чистота,** во 2022 година нема реализација од овој вид приход.

**Б.Неданочни приходи**

Неданочните приходи се наплатени по следните основи:

-Глоби, судски и административни такси

-Такси и надоместоци и

-Други неданочни приходи

| опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Глоби, судски и административни такси | 760.000 | 697.280 | 512.950 |
| Такси и надоместоци и | 1.500.000 | 664.907 | 1.990.838 |
| Други неданочни приходи | 790.000 | 768.838 | 463.952 |
| | **3.050.000** | **2.131.025** | **2.967.740** |

Општина Виница остварува неданочни приходи по основ на:

-Глоби, судски и административни такси што опфаќаат наплата на административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината и други локални такси

-Такси и надоместоци , се однесува на приходи од закупнина на објекти во сопственост на општината и

-Други неданочни приходи, ги опфаќа 2% од наплатените премии за осигурување (каско), и останати неданочни приходи.

**В.Капитални приходи**

Капиталните приходи се остварени во износ од 5.533.027 денари и тоа од следниве основи:

-Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ 395.623 ден.

-Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата 811.877 ден.

-Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор 539.558 ден. по основ на експлоатирана минерална суровина 694.978 ден. и концесии за користење на вода за производство на електрична енергија 241.896 ден.

-Приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште 35.887 ден.

-Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација) 2.766.391 ден. и

- Надомест за издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправен објект или оранжерија изграден на земјоделско земјиште 46.817 ден.

**Г.Трансфери и донации**

**Трансферите** се остварени во износ од 36.943.403 ден. и тоа:

-Трансфери од други нивоа на власт 746.510 ден.

-Трансфери од буџетот на РМ 2.313.380 ден.

-Трансфери од буџетите на фондовите 3.346.712 ден. и

-Приходи од ДДВ 30.536.801 ден.

**Донациите** се остварени во износ од 945.000 ден. и тоа:

-Приходи од Обединетите Нации за проектите: Општинско корисна работа и Прокреирање на можности за работа.

## ТЕКОВНИ РАСХОДИ

### Плати и надоместоци

Средствата за плати и надоместоци се реализирани согласно одредбите во Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за административни службеници, Закон за работни односи, Закон за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката и др.) и тоа за следните основи:

-Основни плати

-Придонеси за социјално осигурување и

-Надоместоци

| ОПИС | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | **24.285.000** | **23.684.359** | **20.051.303** |
| Придонеси за социјално осигурување | **9.626.000** | **9.273.312** | **7.833.949** |
| Надоместоци | **3.285.00** | **3.142.736** | **2.522.981** |
| | **37.196.000** | **36.100.407** | **30.408.233** |

### Резерви и недефинирани расходи

На оваа позиција во Буџетот на Општина Виница има реализација кај Тековните резерви и тоа во износ од 588.248 денари. Тековните резерви се извршени согласно Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Виница за 2022 година.

**Стоки и други услуги**

На оваа позиција се планирани и реализирани износи по следните основи:

-Патни и дневни расходи, кои опфаќаат: дневници,патни расходи, сместување и споредни расходи за време на службен пат во земјата и во странство

-Комунални услуги кои опфаќаат:електрична енергија, водовод и канализација,расходи за затоплување,расходи за комуникации,горива и масла, регистрација на моторни возила и транспорт на луѓе

-Материјали и ситен инвентар опфаќаат:канцелариски материјали, списанија, весници и др.изданија,материјали за АОП, прехрамбени продукти и пијалоци, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и др. материјали.

-поправки и тековно одржување опфаќа: поправки на возила, мебел, софтверска и хардверска опрема,машини и друга опрема, одржување на згради, улици , патишта и други градби, зелени површини околу згради и др.

-Договорни услуги опфаќаат: правни услуги, банкарска провизија, осигурување, ветеринарни услуги,испитување на квалитетот на водите и воздухот, изработка на просторни и урбанистички планови, услуги за копирање , печатење и издавање, консултантски услуги, надзор над одржување на градби и др. услуги.

-Други оперативни расходи опфаќаат : членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и др. оперативни расходи.

| ОПИС | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | **320.000** | **190.755** | **13.000** |
| Комунални услуги,греење, комуник. и транспорт | **11.656.000** | **8.453.959** | **6.362.783** |
| Материјали и ситен инвентар | **1.105.000** | **665.882** | **396.077** |
| Поправки и тековно одржување | **6.273.000** | **4.678.425** | **4.763.605** |
| Договорни услуги | **5.015.000** | **2.839.628** | **2.137.135** |
| Други тековни расходи | **2.840.000** | **2.611.973** | **2.331.097** |
| Привремени вработувања | **1.900.000** | **1.900.000** | **1.642.227** |
| | **29.109.000** | **21.340.622** | **17.645.924** |

**Каматни плаќања**

На ставката каматни плаќања реализирани се расходи во износ од 2.794 денари за двата долгорочни заеми кои Општина Виница ги има земено за : Набавка на возило за собирање на отпад , Изградба на улица и Изградба на атмосферска канализација.

**Субвенции и трансфери**

На ставката субвенции и трансфери реализираните расходи изнесуваат 5.956.392 ден.

Расходите во износ од 3.665.970 ден. се однесуваат на: трансфери до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и

др. невладини организации а расходите во износ од 2.290.422 се однесуваат на : плаќање по судски решенија износ од 120.640 ден , трансфери при пензионирање 173.162 ден. и други трансфери во износ од 1.996.620 денари од кои 1.801.500 ден. се исплатени за локалните избори во 2021 година.

| ОПИС | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансфери до невладини организации | **4.480.000** | **3.665.970** | **5.244.920** |
| Разни трансфери | **2.315.000** | **2.290.422** | **315.184** |
| | **6.795.000** | **5.956.392** | **5.560.104** |

### Социјални бенефиции

Преку позицијата социјални надоместоци се исплатени средства во износ од 318.000 ден. по основ социјални надоместоци за помош на социјално загрозени семејства т.е. еднократна парична помош согласно Правилникот за утврдување на критериумите, условите, постапката и висината за доделување на парична помош.

### Капитални расходи

Капиталните расходи се реализирани во износ од 16.177.280 денари и тоа за :

**-**Купување на опрема и машини , опфаќа купување на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација и др. опрема

-Други градежни објекти, опфаќа подготовка на проекти за разни видови на објекти, изградба и реконструкција на улици, патишта, мостови , пречистителни станици , колектори , системи за водоснабдување и други објекти

-Купување на мебел, опфаќа купување на канцелариски мебел

-Вложување и нефинансиски средства, опфаќа трошоци за купување на земјиште и експропријација.

| ОПИС | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | **304.000** | **171.207** | **9.999** |
| Други градежни објекти | **26.771.000** | **15.701.753** | **31.401.842** |
| Купување на мебел | **90.000** | **10.600** | **48.988** |
| Вложување и нефинансиски средства | **1.000.000** | **293.720** | **334.130** |
| | **28.165.000** | **16.177.280** | **31.794.959** |

### Отплата на главница

На оваа позиција е искажана реализација во износ од 5.231.446 ден. по основ, отплата на главнина по двата долгорочни заеми кои Општина Виница ги има земено за : Набавка на возило за собирање на отпад , Изградба на улица и Изградба на атмосферска канализација.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

**Парични средства и побарувања**
Салдото на жиро сметката на Буџетот на Општина Виница на 31.12.2022 година изнесува 2.611.063 денари.
Побарувањата кои ги има општината на крајот на годината изнесуваат 26.092.994 денари а произлегуваат од:
- Данок на имот 12.766.998 ден.
-Комунална такса за истакнување на фирма 8.065.869 ден.
-Надомест за уредување на градежно земјиште 2.338.996 ден.
-Закупнина од општински имот 2.634.566 ден. и
-Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изгр. објект 293.983 ден.
-Други побарувања 42.582 денари.
-Комун. такса за користење на простор пред деловни објекти (аванс) -50.000 ден.

**Нематеријални средства**
Нематеријалните средства евидентирани во вредност од 399.265 денари , се однесуваат за Набавка на софтвер за даночна евиденција, финансиско, кадрово и материјално работење и основачки влог за депонија.

**Материјални добра и природни богатства**
Материјалните добра и природните богатства се евидентирани во вредност од 8.943.685 денари и се однесуваат на земјиште сопственост на Општина Виница т.е. градежно земјиште покрај објекти (двор).На овие средства не се пресметува амортизација.

**Материјални средства**
Во материјални средства спаѓаат: градежните објекти, станови и деловни објекти, опрема и други материјални средства.Секое материјално средство се евидентира по набавна вредност и се пресметува амортизација согласно пропишаните годишни стапки за отпис на долгорочните средства кај буџетите и буџетските корисници. Сегашната вредност на материјалните средства искажана во билансот на состојба во 2022 година изнесува 918.191.177 денари.

**Материјални средства во подготовка**
Материјалните средства во подготовка се проценети на износ од 15.098.829 денари и се однесуваат на објекти кои се во тек на градба или за истите е потребен технички прием за да бидат ставени во употреба.На инвестициите во тек, амортизација не се пресметува се до моментот на нивното ставање во употреба.

**Активните временски разграничувања**

Активните временски разграничувања се книговодствено пресметковна категорија и истите се во износ од 56.231.331 денари а се однесуваат на:
-неизмирените обврски спрема добавувачи 29.502.627ден.
-обврски за заемите и позајмицата 24.340.256 ден. и
- плата за вработените за месец декември 2.388.448 ден.

**ПАСИВА**

**Тековни (краткорочни) обврски**

Оваа позиција е проценета во износ од 31.891.075 денари и се однесува на следните обврски:

-Обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 27.883.529 ден.
-Обврски спрема добавувачи-граѓани во износ од 1.619.098 ден. и
-Обврски за плата во износ од 2.388.448 ден.

**Долгорочни обврски**

Обврски по долгорочни кредити и позајмица, на оваа позиција обврските изнесуваат 24.340.256 ден.

**Пасивни временски разграничувања**

Пасивни временски разграничувања се книговодствено пресметковна категорија и истите се во износ од 15.098.829 денари а се однесуваат на материјалните средства во подготовка.

**Извори на средства**

**Изворите на капитални средства** ја опфаќаат сегашната вредност на капиталните средства која е проценета на износ од 927.134.862 ден. и се искажани на позиција Државен- јавен капитал кој се однесува на на :

-Материјални добра и природни богатства во износ од 8.943.685 ден.
-Материјални средства во износ од 918.191.177 ден а се состојат од :

- градежни објекти со сегашна вредност од 856.743.659 денари
- деловни објекти со сегашна вредност од 55.724.726 ден.
- Опрема со сегашна вредност од 5.722.792 денари и
- други материјални средства со сегашна вредност 0

**Извори на други средства** во износ од 399.265 денари а се однесува на нематеријалните средства.

# ДЕЛ ВТОРИ

## Извештај за реализација
## на инвестиционите програми, дотации и
## самофинансирачки активности

Од вкупно планираните приходи на Буџетот на Општина Виница за 2022 година во износ од 331.257.000 заклучно со 31.12.2022 се остварени 301.873.629 денари (288.507.460 денари се приходи од тековна година и 13.366.169 денари е салдо пренесено од претходната година) или остварувањето изнесува 91,13 % во однос на планираните приходи.

**Вкупните расходи** на Буџетот на Општина Виница се остварени во износ од 287.021.184 денари или 86,65 % од вкупно планираните расходи.Во структурата на вкупно реализираните расходи, тековните расходи учествуваат со 93,20 % додека капиталните расходи учествуваат со 6,80 %.

Од вкупните капитални расходи во износ од 19.507.289 денари , 2.985.054,00 денари или 15,30 % се однесуваат за набавка на опрема и машини, 365.199,00 денари или 1,87% се однесуват на купување на мебел, 455.283,00 денари или 2,33% се вложувања и нефинансиски средства (земјиште и книги за библиотека) и 15.701.753,00 ден. или 80,50% се опфатени во инвестиционите програми.

Во рамките на **инвестиционите програми** , капиталните расходи се остварени во износ од 15.701.753,00 денари и тоа :

- 33,54 % или 5.265.589 се однесуваат за изработка на проекти, изградба и реконструкција на улици, патишта и мостови, кои расходи се искажани во потпрограма ЈД0-Изградба и реконструкција на локални патишта ;
- 16,66 % или 2.616.175 се однесуваат за изградба на капацитети за водоснабдување во потпрограма ЈГ0-Изградба на системи за водоснабдување
- 16,71 % или 2.624.050 се однесуваат за изработка на проекти и, изградба на канализации и други објекти за регулација и одведување на отпадни води во потпрограма ЈИ0-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води;
- 17,52 % или 2.751.190 ден. се однесуваат за изработка на проект и изградба на Градски пазар во потпрограма ЈЛ0-Капитални расходи за други комунални услуги и ЈЛА-Изградба на Градски пазар
- 7,89% или 1.239.327 ден. ден. се однесуваат за т за реконструкција на Кино сала и за менаџирање на проект за реконструкција на Сина сала во потпрограма КА-Капитални расходи во културата и
- 7,68 % или 1.205.422 денари за проекти за енергетска ефикасност и тоа за проектот: Енергетска ефикасност, пристапни и безбедни јавни површини за сите и за проектот Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите, реализирани во потпрограма ГД-Проекти за енергетска ефикасност.

**Дотациите** во вкупните приходи учествуваат со 202.219.359 денари или 66,99 % со кои се финансираат тековните трошоци во образованието, социјалната

заштита , културата и плата за териториjалната противпожарна единица.Вкупната дотациjа во 2022 изнесува 195.490.288 денари и пренесено салдо 6.729.071 денари.

Дотациjата во основното образование за 2022 година е во износ од 113.425.686,00 денари кои средства се делат на четирите основни училишта во Општина Виница. Во 2022 година во потпрограма- Основно образование потрошени се средства во износ од 113.425.686 денари.

За средното образование наменската дотациjа за 2022 година е во износ од 41.868.246 денари, толку е и износот на потрошените средства .

За социjалната заштита -Детска градинка во 2022 година се добиени наменски средства во износ од 27.487.405 денари , и се потрошени средства во истиот износ .

Во областа на културата во 2022 година добиени се средства во износ од 8.108.951 денари од кои се потрошени средства во износ од 8.287.497,00 денари (потрошен е дел од салдото) и тоа во К1- Библиотекарство 4.636.233 денари и во К2-Музичка и сценска -уметничка деjност 3.651.264 денари .

Наменската дотациjа за потпрограма Ђ0-Противпожарна заштита изнесува 4.600.000 денари кои средства се наменети за плата на вработените во ТППЕ и во 2022 година се реализирани сите средства.

**Приходите од самофинансирачки активности** кои ги остваруваат единките корисници на буџетот во 2022 година се остварени во износ од 6.338.732 денари и пренесено салдо во износ од 3.298.320 денари или вкупно 9.637.052 денари и изнесуваат 3,19 % од вкупните приходи на буџетот на Општина Виница .

Во основното образование во 2022 година се остварени приходи во износ од 108.956 ден. а потрошени се средства во износ од 179.283 ден. (потрошен е дел од салдото). Во средното образование се остварени приходи од самофинансирачка активност во износ од 169.210 денари а потрошени 207.222 денари (потрошен е дел од салдото).

Приходите од самофинансирачки активности во 2022 година во социjалната заштита-детска градинка се остварени во износ од 5.501.889 денари а се потрошени 3.476.087 денари .

Во областа на културата приходите од самофинансирачки активности се остварени во износ од 558.677 денари и тоа во потпрограма К1 –

Библиотекарство 93.070 денари , во К2-Музичка и сценска -уметничка дејност 302.957 денари, К3-Музејска и кинотечна дејност остварени се сопствени приходи воизнос 162.650 денари .Потрошените средства во областа на културата вкупно изнесуваат 373.970 денари или по потпрограми : во К1-Библиотекарство 44.388 денари, во К2-Музичка и сценска -уметничка дејност 177.933 ден. во К3-Музејска и кинотечна дејност 151.649 денари и во КА-Капитални расходи во областа на културата 18.000 денари.

# ДЕЛ ТРЕТИ

## Извештај за користење на средства од резервите

## Извештај за користење на средства од резервите

Од вкупно планираните средства за резерви 650.000 денари, за постојана резерва се планирани 50.000 денари а реализацијата е 0, кај тековните резерви планот е 600.000 додека реализацијата е 588.248 денари. Исплатата е извршена врз основа на следните одлуки :

- Одлука бр.10-1039 од 27. 11.2021 година , износ 32.222 ден. за манифестацијата „Спортски асови 2021“
- Одлука бр.10-65/2 од 17.01.2022 година , износ 45.360 ден. за одобрување финансиски средства за награди за Водици во месните заедници
- Одлука бр.10-62/2 од 17.11.2022 година, износ 16.500 ден. за црковно Богојавленска лотарија при храм Св.Јоаким Осоговски-Јакимово
- По ф-ра бр.01/22 од 17.01.2022, износ 16.500 ден. за награда за Водици во Виница
- Одлука бр.10-90 од 24.01.2022 година , износ 10.000 ден. за првородено бебе во 2022 година
- Одлука бр.09-150 од 28.01.2022 година , износ 20.000 ден. на Здравко Спасов за санирање на штета на опожарен помошен објект
- Одлука бр.09-996 од 16.12.2021 година , износ 25.000 ден. на Деан Ристов за санирање на штета за опожарена куќа
- Одлука бр.09-877 од 15.11.2021 година, износ 20.000 денари на Душанка Јованова за лекување
- Одлука бр.09-158 од 28.01.2022 година , износ 30.000 денари на Ана и Сара Ѓоргиеви за школување
- Одлука бр.09-878 од 15.11.2021 година, износ 6.667 денари на Благоја Стојков за издавање на роман
- Одлука бр.09-264 од 25.02.2022 година , износ 25.000 ден. на Миле Ефтимов за школување на децата на неговиот брат
- Одлука бр.10-429 од 12.04.2022 година, износ 6.666 ден. за турнир во мал фудбал по повод денот на Ромите
- Одлука бр.09-491 од 21.04.2022 година, износ 20.000 ден. на Јован Ѓеоргиевски за санирање на потпорен ѕид
- Одлука бр.09-1077 од 27.12.2021 година , износ 20.000 ден. на СРД „КРАП“
- Одлука бр.09-1071 од 27.12.2021 година, износ 58.889 ден. за Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022 година

- Одлука бр.09-763 од 27.06.2022 година , износ 11.111 ден. на Сузана Веселинова, за покривање на трошоци за погреб на нејзиниот брат
- Одлука бр.09-377 од 11.03.2022 година, износ 30.000 ден.на Лефка Митева за санирање на штити од пожар
- Одлука бр.10-825 од 18.07.2022 година, износ 33.333 ден. за парични награди на ученици првенци на генерација
- Одлука бр.09-262 од 25.02.2022 година, износ 25.000 ден. на Марија Јованова за лекување
- Одлука бр.09-876 од 15.11.2021 година, износ 20.000 ден. на Весна Постолова за лекување на нејзината внука
- Одлука бр.09-1040 од 30.09.2022 година, износ 20.000 ден. на Хаас Ерол за санирање на штета на куќа од временски непогоди
- Одлука бр.09-1041 од 30.09.2022 година, износ 20.000 ден. на Ибраим Салиов за санирање на штета на куќа од временски непогоди
- Одлука бр.09-1039 од 30.09.2022 година, износ 6.000 ден. на Драгица Крстовска , за лекување
- Одлука бр.09-946 од 29.08.2022 година, износ 20.000 ден. на Слободанка Богданова , за санирање на штета на опожарена куќа
- Одлука бр.09-1105 од 27.10.2022 година, износ 27.778 ден. на Дејан Иванов , за санирање на штета на продавница Ѕубекс од временски непогоди
- Одлука бр.10-1098/2 од 27.10.2022 година, износ 22.222 ден. на Дејан Иванов , за санирање на штета на продавница Ѕубекс од временски непогоди

# ДЕЛ ЧЕТВРТИ

## Извештај од одговорниот сметководител

# Извештај од одговорниот сметководител

Општина Виница спроведе целосна, навремена , ажурна и хронолошка сметководствена евиденција за сите книговодствени настани во 2022 година.

Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на Буџетот на Општина Виница за 2022 година се спроведени според начелото на парично искажување .

Расходните ставки поминати преку трезорските книги се засновани на веродостојни книговодствени документи: фактури, времени ситуации и договори.

Финансиските извештаи за 2022 година за Општина Виница се потполни, точни и навремено доставени до надлежните институции.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Одговорен сметководител